**Д-р Анета Јовковска**

# Принципи на работа на наставникот во сферата на духовното воспитание и образование

## Апстракт

Наставните принципи треба да бидат ориентациска точка за делување во наставата која вклучува духовно воспитание. Тие влијаат на одлуките за наставните цели, наставните содржини и наставните методи. Отвораат и нови гледишта на анализата и планирањето на наставата. Принципите се конкретни и ограничени на концептот на православното христијанско воспитание, а од друга страна се општи преку упатствата за методско делување. Тие секогаш делуваат во систем, дополнувајќи се и развивајќи се еден со друг. Така, во рамките на различни педагошки концепции и парадигми еден ист принцип може да добие различно значење.

Со корелација на принципите формулирани од страна на Православната црква и световната педагогија може да се откријат заедничките основи на дејноста на наставникот во сферата на духовното воспитание. Анализата на педагошката литература ни овозможува да издвоиме група на принципи кои се специфични за православната христијанска педагогија. Постојат и принципи на духовното воспитание кои не противречат на принципите на секуларната педагогија, но во споредба со нив имаат пошироко толкување.

Во православната педагогија се формулирани и такви принципи кои покрај нивното црковно толкување и специфично формулирање, практично се совпаѓаат со поимањето на аналогните принципи во хуманитарната образовна парадигма.

Многу е важно наставниците да ги почитуваат принципите и да се раководат од нив во својата работа, бидејќи тие придонесуваат за квалитетот на наставата, а со тоа практично ќе исчезне случајноста на педагошки влијанија врз учениците.

**Клучни зборови:** *наставни принципи, начела, општи и специфични принципи, принципи на духовно воспитание.*

Секоја вештина на воспитувањето може да се дефинира како поттикнување на растот и развојот на учениците. Секако, една ваква сложена и деликатна задача поставува високи барања пред наставниците по сите предмети, а посебно пред наставниците кои се вклучени во процесот на духовно воспитување и образование.

Основната задача на духовното воспитание и образование е да го овозможи развојот на учениците како личности отворени кон Бога и кон другите луѓе како икони Божји; личности способни длабоко да ја разберат цивилизацијата и културата во која живеат; историјата на човештвото и достигнувањата во разните области на творештвото; личности кадри да пронајдат рамнотежа помеѓу себе и заедницата, да го разберат, преиспитаат и вреднуваат сопствениот однос кон секој друг човек како неповторливо битие и секако, личности спремни на преумување, на покајание, на самоограничување поради другите, а со тоа и личности спремни да ја пронајдат вистинската слобода во животот сфатен како заедница со Бога и другите луѓе.

За да може сето ова знаење наставникот квалитетно да им го пренесе на учениците неопходно е да се стекне со познавања на принципите на работа во сферата на духовнотоо воспитание и образование, па така правилно да ги обликува христијанско-воспитните содржини на начин кој ќе биде најпогоден учениците да ги остварат целите и задачите на духовното воспитание.

Наставните принципи треба да бидат ориентациска точка за делување во наставата која вклучува духовно воспитание. Тие влијаат на одлуките за наставните цели, наставните содржини и наставните методи. Отвораат и нови гледишта на анализата и планирањето на наставата. Принципите се толку конкретни и ограничени на концептот на православното христијанско воспитание, а од друга страна се општи преку упатствата за методско делување. Многу е важно наставниците да ги почитуваат принципите и да се раководат од нив во својата работа, бидејќи тие придонесуваат за квалитетот на наставата.

Принцип (латински: principium – начело, основа) е основна поставка на секоја теорија, учење и наука. Тој е основно правило според кое треба да се врши некоја дејност; внатрешно убедување на човекот кое го определува неговиот однос кон работата и нормите на поведението. Принципот се однесува на една ограничена област на појави или процеси.

Секој принцип се карактеризира со објективна и субјективна страна. Од објективното гледиште важни се следниве карактеристики на принципот: тој е водечко барање, налог како да се делува за да се постигне одредена цел или норма на дејноста. Принципот произлегува од разбирањето на законитостите и контрадикциите на педагошкиот процес. Благодарение на принципите се обезбедува ефикасноста на наставниот процес.

Од субјективната страна, принципот е внатрешно (не наметнато од надвор) убедување, усвоено како водечка идеја, начин на согледување на определени феномени. Од сите присутни принципи, наставникот може да ги одбере оние кои најдобро одговараат на неговото лично разбирање на светот, како и на стилот на неговата педагошка работа.

Принципите секогаш делуваат во систем, дополнувајќи се и развивајќи се еден со друг. Така, во рамките на различни педагошки концепции и парадигми еден ист принцип може да добие различно значење.

Според Штуркова[1], не треба да има многу принципи. Принципот е висок степен на генерализација и мора да постои можност за негово користење во различни наставни ситуации. Покрај тоа, наставникот без многу труд треба да ги има на ум сите принципи од кои се раководи во наставната работа. Тоа не треба да претставува тешкотија.

Со корелација на принципите формулирани од страна на Православната црква и световната педагогија може да се откријат заедничките основи на дејноста на наставникот во сферата на духовното воспитание.

Анализата на педагошката литература ни овозможува да издвоиме група на принципи кои се специфични за православната христијанска педагогија. Тие вклучуваат:

Принцип на *троичен синергизам*, детално објаснет од страна на митрополитот Амфилохије Радович. Овој принцип подразбира единство помеѓу Бога, човекот и природата: „сотрудништво на човекот и вечната Божја благодат“, поврзување на „сите созданија и целокупното нивно суштествување во времето и вечноста“.[2]

Принцип на *приоритет на верата* (Н. В. Маслов), кој означува дека верата во Бога треба да биде основа во животот на воспитаникот, како и основа не само на воспитанието, туку и на образованието.

Принцип на *усогласување со барањата на Словото Божјо*. Воспитанието кое се спроведува во духот на вечната радост, сугерира запазување на принципот за усогласување со барањата на Словото Божјо. Не е можно човек да го почувствува сјајот на божествената вечност, без да ги познава барањата на Словото Божјо. Тоа е засадување на божествените вистини во душата, во карактерот, во мислите, во чувствата и поведението на секој духовен воспитаник.

Недопустливо е да се спроведува воспитание во духовните училишта кое не е усогласено со барањата на словото Божјо. Зашто тоа е токму онаа духовна сила која вистински просветува (Псалми 118,130), оживотворува (Псалми 118,50,93), препородува (1.Петр. 1,23), ја буди и распалува верата (Јован 20,31), ја крепи надежта (Рим. 15,4), води кон благочестиви дела (1.Сол. 2,13), создава радост (Псалми 118,111; 1.Јов. 1,4). Вистински блажени се оние кои го пазат Божјото слово и со радосно срце го усогласуваат својот живот со него (Псалми 118,2).

За воспитанието обично се вели дека тоа треба да биде умно, односно правилно и разумно да насочува кон идеалот кон кој се водат воспитаниците. Во духовните училишта на Црквата умно е тоа воспитание кое води кон вистинскиот пат посочен од словото Божјо.

---

[1] Според Щуркова, Н. Е., *Воспитание: новый взгляд с позиции культуры,* Москва, 1997, 77.
[2] Амфилохије, митрополит, *Основи православног васпитања*, „Новограф“ – Врњачка Бања 2000, 4-5.

Затоа и секоја етапа од воспитниот процес треба да биде усогласена со словото Божјо, со Библијата. Секој наставник при секоја наставна активност треба да се усогласува со словото Божјо и секогаш да си го поставува прашањето: Како на мое место би постапил Господ Исус Христос? Какво оправдание можам да најдам за оваа моја постапка во словото Божјо?

Воспитанието треба да биде и вистинито. Во него сè треба да биде јасно и конкретно. За да биде вистинско, воспитанието во духовните училишта треба да се спроведува така што секоја мисла и секоја постапка да биде усогласена со словото Божјо. Само на тој начин воспитанието може да врви успешно кон својата цел.

Принцип на *смирение* (Л. В. Сурова). Од гледна точка на православието, смирението е главна христијанска добродетел. За наставникот овој принцип означува разбирање на фактот дека неговите можности се ограничени, а тоа треба да го мотивира да дејствува соодветно со Божјата промисла за воспитаникот.[3]

*Мистагошки принципп*. Во сегашната христијанско-педагошка и дидактичка дискусија постои согласност во тоа дека прашањето за Бога е потребно да се разгледува како јадро на наставната програма, но се поставува прашањето како може тоа да се оствари во училиштето? Може ли да се работи само за тематизација и промислување на прашањата за Бога или е потребно на учениците да им се отворат патишта и можности, простор и време за да стекнат искуства со реалниот Бог? Од тие размислувања поаѓа мистагошкиот принцип. Тој дава можност да се научат учениците да бидат чувствителни на трансценденталното искуство, како би станале чуствителни на искуството за Бога.

Доколку духовното воспитание опфаќа мистагошки моменти би станало збор за перцепирање, толкување и обликување на искуството на учениците кое го стекнале самите со себе, со другите и во односот со Бога. Специфична задача на мистагошкото учење е тој комуникациски процес да се држи отворен за прашањето за Бога и евентуално да го предизвика. Тоа може да се случи на многу различни начини: истражувајќи и филозофирајќи, гледајќи, слушајќи, вкусувајќи, допирајќи и така откривајќи каков може да биде светот, изложувајќи се на фрагменталноста на светот и човековата заедница, предочувајќи ги основните животни искуства, наслушувајќи ја тишината, ќутејќи и молејќи се. Сето тоа може да биде мистагошки момент во кој животните искуства стануваат провидни за Бога. Тоа исто така би значело дека на учениците треба да им се остави простор и време да стекнат искуство со Бога како критичко поттикнување за перцепирање и обликување на овој свет и сопствениот живот. Но, сепак, во плуралистичкиот поглед на светот кој се негува во училиштето, мистагошките моменти можат во најдобар случај само да се понудат.[4]

Ако во првиот принцип преовладува објективната страна (тој го одразува устројството на светот и основниот закон на негово суштествување според православното поимање), во останатите погоре набројани принципи преовладува субјективната страна (тие

---

[3] Поопширно види кај Сурова, Л. В., *Методика православной педагогики,* Клин, 2002, 64.

[4] Овде станува збор за световните училишта во кои се изучува само етичката димензија на православната христијанска религија, а молитвата е забранета за време на наставно-воспитните активности.

претставуваат инструкции на наставникот во поглед на тоа што е неопходно во наставната работа на духовното воспитание).

Според тоа, постојат принципи на духовното воспитание кои не противречат на принципите на секуларната педагогија, но во споредба со нив имаат пошироко толкување. Тука може да ги наброиме следниве принципи:

Принцип на *љубов* – еден од водечките принципи на православната христијанска педагогија (Л. В. Сурова). Да се љуби ученикот за православниот педагог значи да се види ученикот во Божествената замисла. Ваквата можност постои за секој човек. Според Сурова, да се љуби, значи да се гледа на човекот онака како што го создал Бог. Според православното разбирање, љубовта вклучува љубов кон ближните, љубов кон Бога и љубов кон секое Божјо создание, при што љубовта кон Бога има доминантно значење.[5]

Принцип на *хармонизација на внатрешниот со надворешниот свет* означува единство на телесното (надворешното) со душевното и духовното (внатрешното) во човекот.

Принципот на *усогласување со природата на учениците* бара од наставниците најпрво да разберат дека секој еден ученик претставува нешто неповторливо – тој е еден единствен со својата личност и со своите особености. Колку си наликуваат луѓето меѓу себе, толку и се разликуваат. Од наставниците се бара да имаат солидни познавања од областа на христијанската психологија, како и колку може подобро да ги запознаат личните особености на учениците кои ги воспитуваат.

Искуството покажува дека едни исти воспитни методи и средства не влијаат со иста сила на сите ученици кои се на иста возраст. Секој ученик реагира на свој начин на еден или друг метод, на едно или друго средство. За еден ученик е доволен само насочениот кон него поглед на наставникот за да ја разбере грешката и да се коригира. За други ученици тоа не е доволно. Едни пофалбата ги поттикнува на уште поголемо залагање во работата, а другите, пак, ги опушта толку што тие ослабнуваат во училишниот успех. За да не грешат во својата работа, наставниците постојано треба да ги проучуваат своите ученици детално, како одделни индивидуи со сите нивни карактерни црти, со кои се разликуваат еден од друг. Еден ученик може да биде разбран правилно доколку се земат предвид како неговите духовни и телесни особености, така и условите во кои тој живее и работи.

Вообичаено, методите на проучување на учениците се: набљудување, лична комуникација со ученикот, психолошко истражување на неговите писмени работи, како и комуникација со родителите на ученикот и другите негови блиски.

Од друга страна, принципот на сообразност со природата во православната педагогија означува и дека при организацијата на духовното воспитание треба да се земе предвид не само возраста на учениците и психолошките законитости на нивниот развој, туку и стремеж да се врати првобитната, неповредена од гревопадот природа на човекот.

[5] Според Сурова, Л. В., *цит. дело,* Клин, 2002, 37.

Заедно со погоре наведените принципи, во православната педагогија се формулирани и такви принципи кои и покрај нивното црковно толкување и специфично формулирање, практично се совпаѓаат со поимањето на аналогните принципи кои постојат во хуманитарната образовна парадигма. Од гледна точка на дејноста на духовното воспитание, најзначајни меѓу нив се следниве:

Принципот на *приоритет на воспитанието пред поучувањето* се јавува како еден од водечките во православната педагогија. Религиозното, духовно-морално воспитание треба да претходи на информациско-рационалното поучување на учениците.[6]

Принцип на *ненасилство*. Во формулирањето на овој принцип православните педагози поаѓаат од тоа што Бог ги создал сите луѓе слободни. Преку принципот на ненасилство е рефлектирана и Божјата заповед: „Не убивај!“ – „Не прави насилство над душата, не го гаси духот!“ Во исто време се нагласува дека принципот на ненасилство не подразбира и комплетна толеранција на лошото однесување на ученикот.

Принципот на *своевременост* укажува на потребата за градење на воспитниот процес не како зададен априори систем, туку како реактивен систем кој ја зема предвид духовната состојба и степенот на развој на учениците. Според тоа, дадениот принцип го насочува наставникот брзо да реагира на негативните духовни појави кај учениците и да преземе мерки кон подобрување или компензација. Особено внимание треба да се посвети на заложбите на ученикот во борба со недостатоците.

Принцип на *возрасни и индивидуални особености на учениците*. Толкувањето на овој принцип во ништо не се разликува од толкувањето во световната педагогија. Според зборовите на свети Јован Златоуст, наставната содржина во почетните одделенија треба да биде кратка и јасна, зашто „нежните умови“ не можат да усвојат обемна наставна содржина. И понатаму, кога учениците се повозрасни, наставните содржини исто така треба да бидат прилагодени на нивната возраст, индивидуалните карактеристики и времето, местото и околностите во кои се одвива духовното воспитание.[7]

*Антрополошки принцип*. Овој принцип го повикува наставникот да го проучи човекот во сета негова полнота, па со тоа неговото интуитивно чувство да го поткрепи со црковни, светоотечки, филозофски и научни сознанија за човекот.

Принцип на *внимателно бдение и трезвеност* – принципот се базира на идејата за континуитет на воспитниот процес и бара од наставникот континуирано учество во животот на ученикот.

Принципот на *одговорност* произлегува од разбирање на воспитанието како соработка со Бога. Наставникот е одговорен за резултатите од својата дејност не само пред учениците и претпоставените, туку, пред сè е одговорен пред Бога.

---

[6] Според Дивногорцева, С. Ю, *Теоретическая педагогика,* Москва, 2004, 96.

[7] Според Иоанн (Экономцев), игумен, *Принципы православного образования*. *Православная беседа*. - № 1, Москва, 1995.

Треба да се напомене дека помеѓу овие принципи нема некој кој би бил спротивен на принципите на световната педагогија. Дури и необично во очите на световниот педагог, принципот на смирение во содржинска смисла вклучува во себе извесен принцип на автономност на личноста на ученикот. Разликата не е во содржината на принципите на воспитанието, туку во толкувањето на нивната основа. Така на пример, спомената принцип на автономност на личноста на ученикот во световната педагогија, за разлика од христијанското објаснување во православната педагогија, се базира на премисата дека човекот не може да се сфати до крај бидејќи секое разбирање има определена граница, а со тоа се ограничени и воспитните и образовните можности на наставникот. Истиот принцип се базира и на идејата за сеопфатноста на педагошкиот процес, а ја означува и невозможноста да се земат предвид сите воспитни влијанија на ученикот и да се монополизираат. Другите принципи, специфични за православната педагогија (на пример принципот на троичен синергизам) не ги исклучуваат сите останати принципи, а со тоа не се создаваат смисловни разлики.

Откривањето на принципите на православната педагогија и нивната споредба со прифатените и разработени принципи од страна на хуманитарната педагошка парадигма дозволува да се идентификуваат општите принципи во дејноста на духовното воспитание. Краевскиј забележува дека педагошките принципи се базираат на закономерностите на педагошкиот процес, а пак, закономерностите се реализираат и манифестираат благодарение на реализацијата на педагошките принципи. Затоа е најважно изворот на формулирање на принципите во наставната работа на педагогот во сферата на духовното воспитание да стане закон на духовниот живот на човекот.[8] Друг извор на идентификување и формулирање на принципите на духовното воспитание претставува практичната дејност на наставникот. Многу често принципите на наставната работа наставниците ги откриваат интуитивно. Притоа, наставниците ги осознаваат принципите на наставната работа благодарение на емпириските правила на една или друга област во воспитанието (од конкретното кон општото), а не преку знаење, разбирање и свесно користење на педагошките закони и закономерности (од општото кон конкретното). Така, голем број принципи на духовното воспитание се откриени преку процесот на конструирање и реализација на одредени ситуации при духовното воспитување.

Како резултат на идентификувањето на хуманитарниот потенцијал на принципите на православната и световната педагогија според законот на духовниот живот на човекот и емпириски востановените правила кои произлегуваат од искуството во наставно-воспитната работа може да се издвојат принципите на духовното воспитание на три степени: степен на педагошка дејност во сферата на духовното воспитание, степен на композициски ситуации на духовното воспитание и степен на одделни ситуации на духовното воспитание. Предложената хиерархија на принципите на духовното образование ги зема предвид сите степени на работа на наставникот во наставната дејност која вклучува духовно-воспитна дејност.

[8] Според Краевский, В. В., *Общие основы педагогики*, Волгоград: Перемена, 2002.

а) *Општи принципи на педагошката дејност*. Тука се вбројуваат следниве принципи:

- принцип на *насочување на вредностите и вредносните ориентации во смисла на поттикнување на креативноста кај учениците*. Овој принцип е изведен од законот на независноста на перспективите на духовното воспитание од просторните и временските рамки. Ваквата неопходност е поради насоченоста на духовното воспитание кон апсолутните вредности и цели. Друга причина за овој принцип е законот за взаемна поврзаност и меѓузависност на духовноста и моралот, бидејќи апсоолутните вредности секогаш содејствуваат со етичките насоки. За овој принцип го прифаќаме толкувањето на Штуркова.[9] Согласно со нејзиното разбирање, принципот на насочување на вредностите и вредносните ориентации бара од наставникот објективно да ги согледува настаните и во нив да открива и посочува зборови, дела, постапки и вредности кои се на ниво на современата култура.

Штуркова предлага и еден вид на алгоритам за реализација на принципот на насочување на вредностите и вредносните ориентации, кој може успешно да се користи од страна на наставниците при процесот на духовно воспитание. Овој алгоритам го вклучува следниот редослед на активности: а) откривање на вредностите во одредени настани и појави; б) прикажување на вредностите пред учениците на начин преку кој тие лесно ќе ги прифатат истите или „во нивното суштинско и инспиративно значење; в) организација на интеракција со учениците на начин кој адекватно ќе ја стимулира духовната дејност во потрага по вистинската смисла на животот; г) практикување на прифатените форми на вредносни ориентации кои се однесуваат на вистината, доброто и убавината, при што учениците постојано и свесно влегуваат во вистински однос со овие вредности; д) постојано размислување од страна на учениците за нивната врска со светот, со своето „јас“ и со Бога.[10]

- Принцип на *интегритет*. Овој принцип се базира на претставата за човекот како целосно битие и укажува на единство во насочувањето кон вредностите, културата, себе и Другиот. Дадениот принцип се потпира на законот за релативна независност на духовниот живот на човекот од биолошките и социјалните детерминанти. Затоа, интегритетот во духовното воспитание не ја исклучува, туку укажува на хиерархијата која се манифестира во однос на признавањето на приоритетот на духовната сфера на ученикот пред неговите психофизички и социјални квалитети и се рефлектира во хиерархијата на педагошките цели. Притоа, интегритетот на човекот не се нарушува бидејќи кога човекот се движи кон повисоко ниво во духовниот развој означува и негова нова квалитетна состојба, а во таа смисла се случува и квалитетна промена на неговите психофизички и социјални карактеристики. Интегритетот се разбира како хармонија и има определена структура – хиерархиска подреденост на елементите од кои отстапува духовноста како системско образувачко својство на човекот.

[9] Според Щуркова, цит. дело, 1997, 38.
[10] Исто, 40-45.

Принципот на интегритет ја разбира педагошката дејност како последователност не само во смисла на одреден редослед на дејствијата помеѓу наставникот и учениците, но пред сè, во смисла на континуитет во спроведувањето на концептуалните одредби и реализација на основните идеи и цели на духовното воспитание кои го определуваат позитивниот духовен развој на човекот.

Принципот на интегритет исто така вклучува формирање на знаења, активности и односи кои се ориентирани кон апсолутните цели. Дадениот принцип аналогно се третира и во православната педагогија. Така, според мислењето на Дивногорцева, „духовното воспитување на ученикот зависи од следново: да знае, да сака и да може. Духовно и морално воспитаниот човек треба да знае добро, да сака добро и да биде во состојба да прави добро“.[11]

Принципот на интегритет целосно е оправдан во хуманитарната педагошка парадигма. Најважна карактеристика на педагошката дејност, според хуманитарната парадигма, е нејзиниот интегриран карактер, неделивост и неможност за „делумно усвојување“.[12] „За било кое ниво од педагошкото образование да станува збор, ние сме должни да ги запазиме инваријантните основни и интегрирани карактеристики на педагошката дејност“,[13] кои ги имаат следниве основи: предлагање на решение на проблемите кои се поврзани со поставената воспитна цел, утврдување на стратегија и тактика за дејствување, однесување врз основа на реалните фактори, селекција и употреба на средства.

Манифестацијата на резултатите секогаш е поврзана во една целина и содржи во себе голем број на дејствија и влијанија, како резултат на кои човекот се менува интегрирано. Во исто време тие влијаат на неговата душевна сфера (емоции, волја, интелект), така и на неговата духовна сфера (вредносно-смисловна).

Ако човекот е интегрирана личност, тогаш и воспитните дејствија врз него исто така треба да имаат сеопфатен карактер, а наставно-воспитниот процес е должен да поседува карактеристика на интегритет. Принципот на интегритет укажува на сеопфатност на педагошките инструменти на духовното воспитание, што подразбира примена на визуелни, аудитивни и кинестетички средства. Според Штуркова, принципот на интегритет бара од наставникот сеопфатно и полифонично влијание врз учениците, така што најпрво се јавува потребата за влијание на духовната сфера кај учениците, како и да се поучуваат учениците да ги согледуваат поединечните настани како дел од еден единствен свет.[14]

При реализација на принципот на интегритет се зема предвид не само релативната независност на духовната сфера на ученикот, туку и нејзиниот однос со психофизичката сфера и квалитетите на човекот како социјално суштество. Врската со психофизичката

---

[11] Дивногорцева, С. Ю, *цит. дело,* 2004, 104.

[12] Сергеев, Н. К., *Непрерывное педагогическое образование: концепция и технологии учебно-научно-педагогических комплексов (Вопросы теории)*, Волгоград: Перемена, 1997, 166.

[13] Сериков, В. В., *Личностный подход в образовании: концепция и технологии,* Волгоград: Перемена, 1994, 129.

[14] Според Щуркова, цит. дело*,* 1997, 45.

сфера се манифестира во фактот дека при духовното воспитание наставникот првенствено се потпира на емоциите од ученикот како клучен објект на внимание. Сепак, притоа е вклучен и интелектот, затоа што само позитивен однос кон вредностите може да се смета како успешен резултат од воспитниот процес.

Духовното воспитание е феномен кој истовремено е рационален и ирационален, оттука процесот на духовно воспитание е должен да се обрати и кон емоциите на човекот, но и кон неговиот разум; формираните знаења и ставови треба да најдат израз во соодветни активности. Според Соловјев, „за да се добие сила за исполнување на доброто, неопходно е да се поседува поим за тоа што е добро, инаку таквото исполнување ќе претставува само механичко дејствување. И не е важно само дали ќе биде одредена вредност исполнета, важен е и начинот на нејзиното исполнување. Несознајно, автоматско вршење на добрите постапки не содејствува со достоинството на човекот, бидејќи на тој начин не се изразува човековата добрина“.[15] Истиот став може да се пронајде и кај современите световни педагози (Илин, Школник, Штуркова и др.). Развојот на социјалните квалитети е неопходен за да може ученикот да ги преведе своите внатрешни духовни квалитети во социо-културни форми, па така да дејствува во надворешниот свет кој го опкружува.

- *Контекстуален принцип*, кој бара да се разгледува секое средство на духовното воспитание во зависност од контекстот (педагошки парадигми, воспитни цели, тип на образовна институција итн.) во кој се применува. Овој принцип произлегува од законот за котрансформација на наставникот и учениците, согласно кој наставникот неизбежно го пренесува својот светоглед на учениците (религиозен или световен).

Контекстуалниот принцип е особено важен кога станува збор за интеракција помеѓу православната и световната педагогија во сферата на духовното воспитание. Во последниве години се забележува тенденција на механичко позајмување на некои педагошки средства кои се користат во православната педагогија за достигнување на целите на духовното воспитание во световните образовни институции. Така на пример, постои обид во световните училишта да се проучува моралното образование главно врз основа на библиските заповеди. Некои педагози и психолози овој начин го нарекуваат конфесионален метод. Сепак, како средства на православната христијанска педагогија, покрај педагошките се вбројуваат и сакралните кои ја одредуваат и самата ефикасност на педагошките средства. Игнорирањето на сакралната страна на воспитните средства на православната педагогија придонесува за отсуство на резултати од самата воспитно-образовна дејност.

Од друга страна, контекстуалниот принцип укажува на тоа дека при организацијата на духовното воспитание треба да се земе предвид севкупниот контекст на битието на ученикот – неговиот поглед на свет и начинот на живеење. Затоа средствата на духовното воспитание во контекст на световната педагогија не треба да противречат на средствата на православната педагогија што е од суштинско значење при духовното воспитување на учениците.

---

[15] Соловьев, В. С, *Оправдание добра*, Москва, 1996, 9.

На пример, од гледна точка на контекстуалниот принцип и неговата примена во световните образовни институции како т.н. конфесионален метод (прилагоден за световно разбирање) не може да даде добри резултати доколку смислата на вероисповедта не е во контекст на своите лоши дела и помисли кон трето лице, а во пресрет на Бога. Затоа овој метод се јавува како специфичен единствено за православната педагогија. Во световната педагогија за решавање на аналогните задачи на духовното воспитание можат да бидат применети различни форми на размислување, кои доколку се ползуваат во православната педагогија нема да противречат на општиот контекст на верување на ученикот верник.

б) Во прилог на општите педагошки принципи, како неопходни начела, се јавуваат *принципите за создавање на композиција на воспитните ситуации*. Тука спаѓаат следните принципи:

- Принцип на *цикличност* кој најпрво ги определува карактеристиките и проектирањето на композициските воспитни ситуации и ситуации кои вклучуваат повторување на одредени воспитни ситуации во одреден временски период. Во формирањето на цикличниот принцип се потпираме на препораките на православните педагози (Алексиј Мороз и др.) за изградба на содржината на духовното воспитание во вид на оригинални модели (циклограми) и на заклучоците од световната педагогија за придобивките од концентрично устроените содржини на образованието.

Принципот на цикличност не означува буквално повторување на содржината на воспитните композиции. Интерпретацијата на содржините треба да биде секогаш различна од претходниот степен на сложеност, да се разгледува воспитната ситуација од поинаков аспект и да постојат различни активности на учениците за совладување на одредените воспитни ситуации. Всушност, овој принцип се однесува на повторувањето на одредени воспитни ситуации во одреден временски период, но секогаш со поголем интензитет и екстензитет од претходното изучување на истите. Преку принципот на цикличност на прво место се реализираат такви содржини на духовното воспитание кои со развојот на духовноста оставаат место пошироко и подлабоко да бидат објаснети.

- Принцип на *контраст* се однесува, пред сè, на формата на композициската воспитна ситуација. Тој се манифестира во наизменични периоди на интензивна активност со периоди на спокојно созерцание, како во рамките на одделни композициски воспитни ситуации, така и во применувањето на систем од композиции. Највпечатлива манифестација на принципот на контраст се јавува при кулминација на композициската ситуација на духовното воспитание, кога кулминацијата остро се издвојува од позадината на другите ситуации не само поради својата содржина, но и благодарение на педагошката инструментализација. За реализацијата на принципот на контрасност, треба да се напомени дека контрасноста не секогаш означува „борба“ на спротивности. Таа може да претставува наизменично менување на различни, но не и антиномични ситуации, на пример: ситуации на соочување со прекрасното и ситуации на соочување со необичното. Во овој случај не е потребно да се постигне кулминација – композицијата се базира на принципот на целост во чија основа лежи определена вредност (на пример: убавина). Контрасноста може да биде

резултат и на постепен развој, комплексна творечка дејност во ситуација на духовното воспитание (на пример: од ситуација на морален избор кон ситуација на колизија).

Принцип на *повторување*, кој е поврзан со формата на композицијата на воспитната ситуација и се надополнува со принципот на контрасност. Во една композициска ситуација може да се повторуваат промените кои се случиле (на пример: состојба на средба со убавото – состојба на отпор кон негативното како заштита на убавото – состојба на средба со убавото). Друга опција е кога повторувањето е проследено со последователни промени, односно ситуациите во композицијата претставуваат варијација на темата на првата ситуација (на пример: состојба на средба со убавото во уметноста – состојба на средба со прекрасното во природата – состојба на средба со убавината во односите помеѓу луѓето). Во однос на серија од композиции, повторувањето може да се манифестира во повторување на формата на композициите со промена на поставените цели или во периодично враќање на сите ситуации во рамките на истиот состав. Треба да се забележи дека принципот на повторување не е идентичен со принципот на цикличност: првиот ги организира ситуациите на духовното воспитание композициски, а вториот овозможува да ги конструираме содржински.

в) *Принципи на конструирање индивидуални воспитни ситуации, при што секоја ситуација вклучува надминување на надворешни и (или) внатрешни пречки*:

Принципот на *единство на впечатоци* бара во секоја педагошка ситуација впечатоците што ги прима ученикот да бидат во хармонија и да се усогласени едни со други. Според Розанов,[16] овој принцип се состои во „барање, сите формирани впечатоци кои произлегуваат од една школа да бидат хомогени и да не се спротивставуваат едни на други“.[17]

Имплементацијата на овој принцип подразбира и внимателен избор на педагошките инструменти за секое влијание врз духовната сфера на ученикот, корелација на визуелните, аудитивните и кинестетичките наставни средства. Оттука, принципот на единство е тесно поврзан со принципот на интегритет.

Принцип на *моралност*. Овој принцип ги одредува карактеристиките на организациската страна на духовното воспитание и диктира неопходност од создавање на средина погодна за позитивен духовен развој кај учениците. Под позитивна средина за развој на духовното образование се подразбира атмосфера на искреност, доверба, сигурност во која ученикот слободно ги изразува своите мисли и чувства, за да го открие пред другите неговиот духовен свет, бидејќи е сигурен дека има голем број на истомисленици – луѓе кои искрено се стремат кон разбирање на вредностите пројавени во културата, духовниот свет на другите луѓе и самите себе.

Принцип на *актуелност*. Актуелноста се одредува прво од настаните во надворешниот свет кои имаат или можат да имаат влијание врз духовниот развој на

---

[16] Розанов овој принцип го нарекува принцип на целовитост.

[17] Розанов, В. В., *Педагогика.* Сумерки просвещения, Москва, 1990, 25.

ученикот и кои нужно мора да ги исползува наставникот; второ, од особеностите на духовниот живот на ученикот во моментот на неговото вклучување во воспитната ситуација и од потребите на неговиот духовен развој; трето, од неговите индивидуални особености – всушност, една иста ситуација може да биде релевантна за еден ученик, а да биде апсолутно нерелевантна за друг ученик.

Имплементацијата на овој принцип придонесува за навремено и точно дијагностицирање на важните средства на духовното воспитување кои придонесуваат за духовно формирање на ученикот и со чие дејствување, во моментот, најефективно може да се доведе до квалитетни промени во неговата духовна сфера. Принципот на актуелност подразбира ставање на акцент на една или на друга страна на ситуацијата во зависност од возраста и индивидуалните особености на учениците. Така, адолесцентите во нивното однесување се повеќе ориентирани кон врсниците, отколку кон сопствениот духовен свет; при тоа интересот за другите луѓе има само површен карактер и повеќе е насочен кон надворешното пројавено однесување отколку кон внатрешните квалитети на личноста. Затоа, при организација на воспитните ситуации неопходно е да се посвети внимание на рефлексијата која му помага на ученикот да се разбере подобро не само себеси, туку и другите. Во адолесцентската возраст ученикот е фокусиран на своите доживувања, па акцентот треба да се постави на неговата интеракција со светот кој го опкружува и другите луѓе.

Преку реализацијата на наведените принципи, наставникот максимално придонесува за развој на способноста на ученикот со која тој полесно ќе го осознае своето „Јас“ во контекст на вредносната врска со другите луѓе и светот во својата разновидност; Ќе биде способен да ги осмисли своите дејствувања и да ги предвиди последиците кои потекнуваат од нив како за другите луѓе, така и за себеси; Ќе се оцени себеси како носител на духовноста; Ќе развие способност да биде субјект во сопствениот живот, како и способност за самодетерминација и духовно самоусовршување.

Со имплементирањето, пак, на погоре наведените принципи во сферата на духовното воспитание практично ќе исчезне случајноста на педагошки влијанија врз учениците.